СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА<br>ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д<br>30.01.2009<br>БРОЈ 1 ГОДИНА 44** | |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДУП ЗА 6 УЕ, УБ 6.2, ОПФАТ 1 ОПШТИНА ОХРИД 2008-2013**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за 6 УЕ, УБ 6.2, опфат 1 општина Охрид 2008-2013 г., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.01.2009 година.

| | |
|---|---|
| **Број 08-145/3** | **ОПШТИНА ОХРИД** |
| **29.01.2009 год.** | **Градоначалник,** |
| **О х р и д** | **Александар Петрески с.р.** |

Врз основа на член 11, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.01. 2009 година, донесе:

# О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ- ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 6, УРБАН БЛОК 6.2. ОПФАТ 1 2008 -2013

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт детален урбанистички план за Урбана заедница 6 урбан блок 6.2. опфат 1 2008-2013.

### Член 2

Со овој нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 10,45 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт - деталниот урбанистички план за Урбана заедница 6 урбан блок 6.2. е опфат на границите:

**Булевар Туристичка, Даме Груев,Прв градски ринг и Јане Сандански**

### Член 3

Нацрт - деталниот урбанистички план за Урбана заедница 6 урбан блок 6.2. опфат 1 со тех. бр.06/08 изработен од ИН – ПУМА Скопје содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

### Член 4

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - детален урбанистички план за Урбана заедница 6, урбан блок 6.2., опфат 1, 2008-2013.

### Член 5

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

### Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-145/3**
**29.01.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2008 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на Советот на општина Охрид за 2008 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.01.2009 година.

**Број 08-145/4**
**29.01.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.01. 2009 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2008 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за работа на Советот на општина Охрид за 2008 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-145/4**
**29.01.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид (Сл.гласник на општина Охрид бр.08/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.01.2009 година, донесе:

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2008 ГОД.**

Во 2008 година Советот на општина Охрид работеше по усвоената програма за работа на Советот.

Советот заседаваше и одржа 14 седници. Од вкупно одржаните седници две седници се посветени за поставување на советнички прашања. На 53 -та експозе за работата во изминатата 2007 год. поднесе Градоначалникот. Вкупно на дневен ред се поставени 221 точки. Повлечени се 10 точки од дневен ред на шест седници, а со 21 точка е извршено дополнување на дневниот ред на седум седници. Вкупно усвоени одлуки на сите седници се 180, 12 заклучоци, 2 информации, 2 декларации и 3 решенија.

**49 СЕДНИЦА 16.01.2008 год.**

1. Советнички прашања

**50 СЕДНИЦА 28.02.2008 год.**

1.Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за работа на Советот на општина Охрид во 2007 год.

2.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за работа на Советот на општина Охрид во 2008 год.

3.Предлог одлука за усвојување на Програмата за работа за 2008 год. на МЈП „ Проаква“ за РЕ „Водовод“- Охрид и РЕ „ Колектор“.

4. Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај на одделението за комунален развој и сообраќај за реализација на Програма за инвестиции и одржување за 2007 год.

5.Предлог одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за 2007 год.

6.Предлог одлука за усвојување на Извештајот за работата на одделението за даноци и комунални такси за период од 01.01-31.12.2007 год.

7.Предлог одлука за усвојување на Извештајот за работата на општинскиот инспекторат при локалната самоуправа на општина Охрид за период од 01.01.2007 год. до 31.12.2007 год.

8. Предлог одлука за усвојување на Програмата за одбележување на празници и манифестации за 2008 год.

9. Предлог одлука за усвојување иницијатива за развивање на Локален еколошки акционен план на општина Охрид.

10. Предлог одлука за усвојување на Процената на загрозеност на територијата на општина Охрид од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епитофии и други несреќи.

11. Предлог статутарна одлука за изменување на Статутот на општина Охрид.

12.Предлог одлука за организација на општинската администрација на општина Охрид.

13.Предлог одлука за основање на Јавно претпријатие за изградба , одржување и користење на спортски објекти и јавни пракинг простори

14.Предлог одлука за донесување Урбанистички план вон населено место за дел од туристичка населба Горица – Исток 2007- 2017.

15. Предлог одлука за донесување ДУП за дел од пошироко централно градско подрачје опфат Маларична "- Охрид 2007 - 2012.

16. Предлог одлука за донесување урбанистички план вон населено место за дел од туристички локалитет Горица Св. Стефан- Метропол, дел од блок 2 општина Охрид 2007 – 2017.

17.Предлог одлука за утврдување Нацрт - детален урбанистички план за дел од урбана заедница 16 - „Рача" опфат 1 и дел од опфат 2 – општина Охрид.

18. Предлог одлука за утврдување Нацрт - детален урбанистички план за дел од урбана заедница 16 - „Рача" УБ 16.3 опфат 3 – општина Охрид.

19. Предлог одлука за утврдување Нацрт - детален урбанистички план за дел од Урбана зедница 6 Урбан блок 6.1. општина Охрид.

20. Предлог одлука за утврдување Нацрт - детален урбанистички план за Урбана заедница 1 дел од урбан блок 1.3. опфат 1 општина Охрид.

21.Предлог одлука за давање согласност за отстапување на правото на трајно користење на градежно земјиште.

22. Предлог Заклучок за заштита на Охридското Езеро од девастација и неконтролирано испуштање на вода.

**Предложени се 22 точки. Дневниот ред е дополнат со 1 Декларација. Усвоени се 21 одлука 1 декалрација и 1 Заклучок.**

**51 СЕДНИЦА 06.03.2008 год.**

1. Обраќање на градоначалникот за работата во 2007 година .

**52 СЕДНИЦА 14.03.2008**

1. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај и Завршната сметка на Буџетот на општина Охрид за 2007 година.

2. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „ Охридски Комуналец“ Охрид по годишната сметка за 2007 година.

3. Предлог Одлука за усвојување на Завршната сметка - Годишниот извештај за 2007 година на МЈП „ Проаква“ Струга.

4.Иницијатива за донесување заклучоци за најниска плата.

5. Предлог Одлука за усвојување на извештајот Извештајот за работењето на Одделението за јавни работи во текот на 2007 год

6. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Охрид за 2007 година

7. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за работа и активностите на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2007 година.

8. Предлог Одлука за усвојување на Програмата за работа во 2008 година на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата –Охрид.

9. Предлог одлука за усвојување на Стратегијата за одржлив локален економски развој на општина Охрид

10. Предлог Одлука за давање согласност на Одлуката за давање на гаранција за одложено плаќање на даночен долг

11. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за финасиското работење и Годишната сметка за 2007 година на ОУ „Братство Единство“ – Охрид.

12. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за финасиското работење и Годишната сметка за 2007 година на ОУ „Христо Узунов“ – Охрид.

13. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за финасиското работење и Годишната сметка за 2007 година на ОУ „Св.Климент Охридски“ – Охрид.

14. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за финасиското работење и Годишната сметка за 2007 година на ОУ „Григор Прличев“ – Охрид.

15. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за финасиското работење и Годишната сметка за 2007 година на ОУ „Кочо Рацин“ – Охрид.

16. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за финасиското работење и Годишната сметка за 2007 година на ОУ „Живко Чинго“ – Велгошти.

17. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за финасиското работење и Годишната сметка за 2007 година на ОУ „Ванчо Николески“ – Лескоец.

18. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за финасиското работење и Годишната сметка за 2007 година на ОУ „Св.Наум Охридски “ – с.Пештани.

19. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за финасиското работење и Годишната сметка за 2007 година на ОМУ „ Методи Патче “ – Охрид.

20. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за финасиското работење и Годишната сметка за 2007 година на ОСУ „Св.Климент Охридски“ – Охрид.

21. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за финасиското работење и Годишната сметка за 2007 година на ЕМУЦ „ Св.Наум Охридски “ – Охрид.

22. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за финасиското работење и Годишната сметка за 2007 година на ОУТУ„Ванчо Питошески“ – Охрид.

23. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за финасиското работење и Годишната сметка за 2007 година на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид.

**Предложени се 23 точки. Од дневниот ред е повлечена 1 одлука, а дополнет е со 3 одлуки и една иницијатива . Усвоени се 25 одлуки 1 иницијатива и 1 Заклучок.**

**53 СЕДНИЦА 30.04.2008 год.**

1.Предлог-одлука за збратимување на градот Охрид со градот Птуј Република Словенија

2.Предлог-одлука за збратимување на градот Охрид со градот Велико Трново Република Бугарија

3.Предлог-одлука за збратимување на градот Охрид со градот Реганати Република Италија

4.Предлог-одлука за збратимување на градот Охрид со градот Равена Република Италија

5.Предлог-одлука за збратимување на градот Охрид со градот Синаја – Република Романија

6.Предлог-одлука за збратимување на градот Охрид со градот Марбела – Шпанија.

7.Предлог-одлука за збратимување на градот Охрид со градот Алберобело – Италија.

8.Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Охрид во првиот квартал за буџетска 2008 год.

9. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште за прв квартал за 2008 год.

10.Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување и изградба на јавно осветлување за прв квартал за 2008 год.

11. Предлог Одлука за изменување на одлуката за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2008 год.

12. Предлог - одлука за усвојување на Стратегијата за одржлив локален економски развој на општина Охрид

13. Предлог Одлука за давање согласност на Одлуката на МЈП „Проаква" Струга како содружник да учествува во основање на Друштво со ограничена одгворност , за реализација на проектот за изградба и стопанисување на четири мали хидроелектрани кои би се изградиле на гравитациониот водоснабдителен систем „ ЛЕТНИЧКИ ИЗВОРИ" Охрид

14. Предлог Одлука за именување членови во Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простор

15. Предлог Одлука за именување членови во Управниот одбор на Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простор

**Предложени 15 точки. Дневниот ред е дополнет со 2 одлуки и една Информација . Усвоени се 17 одлуки и со заклучок е усвоена и иницијативата.**

**54 СЕДНИЦА 28.05.2008 год.**

Советнички прашања

**55 СЕДНИЦА 26.06.2008 год.**

1. Предлог одлука за дополнување на одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори.

2.Предлог Одлука за измена на одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид .

3. Предлог одлука за изменување и дополнување на одлуката за авто такси превоз на патници во општина Охрид.

4. Предлог Одлука за изменување и дополнување на одлуката за организирање на режимот на сообраќај во општина Охрид.

5. Предлог одлука за давање согласност на одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цени за вонредно чистење на улиците бр. 02-451/03 од 26.04.2004 година.

6. Предлог Одлука за усвојување на извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „ Охридски Комуналец“ - Охрид во периодот од 01.01. 2008 год.до 31.03.2008 година.

7. Предлог Одлука за усвојување на тримесечниот извештај на РЕ Водовод и РЕ Колектор –Охрид за период од 01.01.2008-31.03.2008 год.

8. Предлог одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП „Охридски комуналец“ Охрид.

9. Предлог одлука за формирање Локален совет за превенција за подрачјето на општина Охрид.

10. Предлог одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план за УЗ 6 дел од урбан блок 6.1 опфат Крст џамија – општина Охрид.

11.Предлог одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план за УЗ 1 дел од урбан блок 1.3. опфат 1 – 2007-2012 год. .

12.Предлог одлука за донесување детален урбанистички план за дел од урбана заедница 16 - „Рача“ УБ 16.3 опфат 3 – општина Охрид.

13.Предлог одлука за донесување детален урбанистички план за плански опфат вон населено место Лагадин – Пештани општина Охрид дел од УБ 9,2006-2016 год.

14.Предлог одлука за утврдување на висината на надоместокот за користење на промотивно информативен банер на официјалната веб страница на општина Охрид .

**Предложени се 14 точки. Дневниот ред е дополнет со 2 одлуки и еден Заклучок. Повлечена е една одлука од дневен ред, а една одлука не е усвоена. Усвоени се 14 одлуки и 1 заклучок.**

## 56 СЕДНИЦА 28.07.2008 ГОД.

1.Предлог Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општина Охрид за 2008 год.

2.Предлог одлука за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот за периодот од 01.01.2008 год. до 30.06.2008 год.

3.Предлог одлука за донесување детален урбанистички план за дел од урбана заедница 16 - „Рача“ УБ 16.3 опфат 3 – општина Охрид.

4.Предлог одлука за утврдување Нацрт ДУП за УЗ 8 , УБ 8.3

5. Предлог Заклучок за спроведување на локација 6.25 во 2 УЕ на кп.бр.17158 КО Охрид .

6.Предлог одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за периодот од 01.01.-30.06.2008 год.

7.Предлог одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поставување урбана опрема на подрачјето на општина Охрид за период од 01.01.2008 год. до 30.06.2008 год.

8.Предлог одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата од 01.01.2008 год. до 30.06.2008 год.

9.Предлог одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за јавно осветлување за периодот од 01.01.-30.06.2008 год.

10.Предлог одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште за периодот од 01.01.-30.06. 2008 год.

11. Предлог одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01.-30.06. 2008 год.

12.Предлог одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01.-30.06. 2008 год.

13.Предлог Одлука за усвојување на извештајот за работењето на Одделението за даноци и комунални такси за периодот од 01.01.2008 год.- 30.06.2008 год.

14.Предлог одлука за усвојување на Извештајот за јавна безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Охрид, за периодот од 01.01.-30.06.2008 год.

15.Предлог Одлука за усвојување на извештајот за работењето на РЕ „Водовод“ и РЕ „ Колектор“ Охрид за период од 01.01 30.06.2008 год.

16.Предлог одлука за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори Билјанини Извори Охрид.

17.Предлог одлука за давање согласност на Одлуката за внатрешна организација на Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори „Билјанини Извори“ Охрид.

18.Предлог одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортски објекти со кој стопанисува ЈП „ Билјанини Извори“ Охрид.

19.Предлог одлука за давање согласност на Одлуката за формирање Комисија за спроведување на постапка за јавно- приватно партнерство.

20.Предлог одлука за давање согласност на Одлуката за воспоставување на јавно приватно партнерство во дејноста наплата на сметки (билинг) и поправка – баждирање на водомери и исклучување на МЈП „Проаква“ Струга РЕ Водовод Охрид и РЕ Водовод и канализација –Струга.

21.Предлог одлука за давање согласност на Одлуката за воспоставување на јавно приватно партнерство за одржување на системот за одведување на отпадни води на МЈП „Проаква“ Струга РЕ Водовод Охрид и РЕ Водовод и канализација –Струга.

22.Предлог одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во основните училишта во општина Охрид.

23.Предлог Одлука за разрешување на членови во Училишниот одбор на ЕМУЦ „Св. Наум Охридски„ Охрид.

24.Предлог Одлука за именување на членови во Училишниот одбор на ЕМУЦ „Св. Наум Охридски„ Охрид.

25.Предлог Одлука за разрешување на членови во Училишниот одбор на ОСУ„Св. Климент Охридски„ Охрид.

26.Предлог Одлука за именување на членови во Училишниот одбор на ОСУ„Св. Климент Охридски„ Охрид.

27.Предлог Одлука за разрешување на членови во Училишниот одбор на ОУТУ „ Ванчо Питошески„ Охрид.

28.Предлог Одлука за именување на членови во Училишниот одбор на ОУТУ „ Ванчо Питошески„ Охрид.

29.Предлог одлука за формирање Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи.

30. Предлог Заклучок за задолжување на градоначалникот од Министерството за транспорт и врски, да побара информација за иавршување на обврските од договорот за концесионирање со плажите.

31.Информација за нарушување на животната средина од бучава од угостителски објекти .

**Предложени 31 точка за работа. Повлечени се 3 одлуки. За работа на седница е усвоен дневен ред со 28 точки.. Усвоени се 25 одлуки, 2 заклучоци и 1 информација.**

**ВОНРЕДНА СЕДНИЦА 21.08.2008 ГОД.**

1. Декларација

Предложена една точка и истата е усвоена.

**57 СЕДНИЦА 29.09.2008 год.**

1.Предлог Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „Братство Единство“ Охрид за учебната 2007/2008 год.

2. Предлог Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „Кочо Рацин“ Охрид за учебната 2007/2008 год.

3. Предлог Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „Ванчо Николески“ Лескоец за учебната 2007/2008 год.

4. Предлог Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „ Наум Охридски“ Пештани за учебната 2007/2008 год .

5.Предлог Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „Григор Прличев“ Охрид за учебната 2007/2008 год.

6. Предлог Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „ Христо Узунов“ Охрид за учебната 2007/2008 год.

7. Предлог Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „ Св. Климент Охридски“ Охрид за учебната 2007/2008 год.

8. Предлог Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУ „ Живко Чинго “ с. Велгошти за учебната 2007/2008 год.

9. Предлог Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОМУ „ Методи Патче“ Охрид за учебната 2007/2008 год.

10.Предлог Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ЕМУЦ „ Св. Наум Охридски “ Охрид за учебната 2007/2008 год.

11.Предлог Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОСУ „Св. Климент Охридски“ Охрид за учебната 2007/2008 год.

12.Предлог Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ОУТУ „Ванчо Питошески“ Охрид за учебната 2007/2008 год.

13.Предлог Одлука за усвојување Годишен извештај за работата и Извештај за материјално финасиското работење на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ Охрид за учебната 2007/2008 год.

14.Предлог Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „ Григор Прличев“ Охрид за учебната 2008/2009 год .

15. Предлог Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „Кочо Рацин“ Охрид за учебната 2008/2009 год .

16. Предлог Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „ Ванчо Николески“ с. Лескоец за учебната 2008/2009 год .

17. Предлог Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „ Св.Наум Охридски“ Пештани за учебната 2008/2009 год

18. Предлог Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „ Братство Единство“ Охрид за учебната 2008/2009 год.

19. Предлог Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „ Христо Узунов“ Охрид за учебната 2008/2009 год.

20. Предлог Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „ Св. Климент Охридски“ Охрид за учебната 2008/2009 год.

21. Предлог Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „Живко Чинго “ с. Велгошти за учебната 2008/2009 год.

22. Предлог Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОМУ „ Методи Патче“ Охрид за учебната 2008/2009 год.

23.Предлог Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ Охрид за учебната 2008/2009 год.

24.Предлог Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОСУ „Св. Климент Охридски“ Охрид за учебната 2008/2009 год.

25.Предлог Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУТУ „ Ванчо Питошески“ Охрид за учебната 2008/2009 год.

26.Предлог одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во ОУТУ „ Ванчо Питошески “- Охрид.

27.Предлог одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“- Охрид

28. Предлог одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поставување урбана опрема на подрачјето на општина Охрид за период од 01.01.2008 год. до 31.08.2008 год.

29.Предлог Одлука за усвојување на шестмесечниот извештај на РЕ „Водовод“ и РЕ „ Колектор“ Охрид за период од 01.01- 30.06.2008 год.

30.Предлог одлука за усвојување на извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски комуналец“ Охрид за периодот од 01.01.-30.06.2008 год.

31. Предлог Одлука за донесување детален урбанистички план за дел од урбана заедница 16 - „Рача“ УБ 16.2 опфат 1 – општина Охрид.

32. Предлог Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план за урбана заедница 2 дел од урбан блок 2.2 Охрид 2008-2013

33. Предлог Одлука за оттуѓување на недвижен имот

34. Предлог Одлука за пренесување на правото на сопственост врз движни ствари

35.Предлог Одлука за измена на одлуката за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2008 год.

36. Предлог одлука за измени и дополнување-проширување на средствата во буџетот на Општина Охрид, во делот на наменските средства

37. Предлог Одлука за донесување на буџетски календар за Буџетот за 2009 год.

38. Предлог одлука за давање согласност (одобрување) на Проекти.

**Предложени се 38 точки на дневен ред. Две одлуки се повлечени , а усвоени се 36 одлуки.**

**58 СЕДНИЦА 24.10. 2008 ГОД.**

1.Предлог Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план за Урбана Заедница 8, дел од Урбан Блок 8.1, опфат 1 Охрид 2008-2013

2.Предлог Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план за Урбана Заедница 2, дел од Урбан Блок 2.2, општина Охрид 2008-2013.

3.Предлог Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план за Урбана Заедница 3, дел од Урбан Блок 3.2, општина Охрид 2008-2013 .

4.Предлог Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план за Урбана заедница 2, дел од Урбан Блок 2.3, опфат 1 општина Охрид 2007-2012 .

5. Предлог Одлука за донесување детален урбанистички план за Урбана Заедница 8 , урбан блок .8.3 општина Охрид 2008 -2013.

6. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за 2008 год.

7. Предлог Одлука за измени и дополнување на Буџетот на општина Охрид за 2008 год.

8. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Охрид за трет квартал за буџетска 2008 год.

9. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште за трет квартал за 2008 год.

10. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување и изградба на јавно осветлување за трет квартал за 2008 год.

11.Предлог Одлука за усвојување на Годишната програма за згрижување и воспитно-образовна работа на јавната општинска установа за деца –детска градинка „Јасна Ристеска“ Охрид за учебната 2008/2009 год.

12.Предлог одлука за давање согласност (одобрување) на Проекти.

13. Предлог одлука за измена на одлуката за комунален ред.

**Предложени се 13 точки на дневен ред, од кои една е повлечена . Направено е дополнување на дневниот ред со две Одлуки и 4 Заклучоци.**

**59 СЕДНИЦА 28.11.2008 ГОД.**

1.Заклучок за престанок на мандат на член на Советот.

2.Заклучок за верификација на мандат на член на Советот.

**Предложени се 2 Заклучоци и истите се усвоени.**

**60 СЕДНИЦА 28.11.2008 ГОД.**

1. Предлог Одлука за утврдување фискална стратегија и развојни програми на општина Охрид за 2009 год.

2. Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „ Охридски Комуналец “ Охрид во периодот од 01.01.2008 год. до 30.06.2008 год.

3. Предлог Одлука за усвојување на деветмесечен извештај на МЈП „ Проаква“ Струга, РЕ Водовод и канализација Струга, РЕ Водовод Охрид , РЕ Колектор Струга , за периодот од 01.01-30.09.2008 год.

4. Предлог одлука за трајна екпропријација –Летнички извори Охрид 1.

5. Предлог одлука за времена екпропријација –Летнички извори Охрид 3.

6. Предлог одлука за времена екпропријација – Горно Белички извори Струга.

7. Предлог одлука за трајна експропријација с. Лескоец

8.Предлог одлука за определување на средства за исплата на надоместок за одземено градежно земјиште Горно Белички извори.

9. Предлог одлука за задолжување на РЕ Колектор - Струга со кредитни средства.

10. Предлог Одлука за усвојување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Охрид, приградските и селските населби , во сезоната 2008/2009 год.

11. Предлог одлука за пренесување на правото на користење на недвижен имот .

12. Предлог одлука за усвојување на Локален акционен младински план за општина Охрид 2009-2012 .

13. Предлог одлука за измени и дополнување на одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти со кој стопанисува ЈП за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори „Билјанини Извори“ Охрид.

14. Предлог одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Охрид за 2008 год.

15. Предлог одлука за подигање спомен обележје.на Христо Узунов.

**Предложени 15 точки на дневен ред. Извршено е дополнување со еден Заклучок. Усвоени се 15 одлуки и еден заклучок.**

**61 СЕДНИЦА 29.12.2008 год.**

1.Предлог Буџет на единицата на локална самоуправа Охрид за 2009 год.

2.Предлог Одлука за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2009 год.

3.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2009 година.

4. Предлог Одлука за усвојување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Охрид за 2009 година.

5.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води 2009-2011 година.

6.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за изградба на системи за водоснабдување за 2009-2011 година.

7.Предлог одлука за усвојување на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2009 година.

8.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за период 2009-2011 година.

9.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за други комунални услуги за 2009 година.

10.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај .

11.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за јавна чистота за 2009 год..

12.Предлог Одлука за усвојување на Програмата одржување на јавни паркови и зеленило за 2009 год.

13.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за јавно осветлување и изградба на јавно осветлување за 2009 год.

14.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2009 год.

15.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за поддршка на Локалниот економски развој на општина Охрид за 2009 година.

16.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2009 год..

17.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за финансиски потреби на територијалната против пожарна единица Охрид за 2009 год.

18.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2009 година.

19.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за образование и детската заштита за 2009 год.

20.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за социјалната заштита за 2009 год.

21.Предлог Одлука за усвојување на Програма за невладините организации и здруженија за 2009 год.

22.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за спорт за 2009 год.

23.Предлог Одлука за усвојување на Програмата за култура за 2009 год.

24.Предлог одлука за изменување на одлуката за утврдување на стапката на данок на имот.

25.Предлог одлука за изменување на одлуката за утврдување на висината на стапките на данокот на наследство и подарок.

26.Предлог Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на простор за паркирање на моторни возила.

27.Предлог Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на простор пред деловни простории за вршење дејност.

28.Предлог Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на музика во јавни локали.

29.Предлог Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории.

30.Предлог Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба.

31.Предлог Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места.

32.Предлог одлука за одржување на јавната чистота на територијата на општина Охрид.

33.Предлог Одлука за именување Одбор за подигање спомен обележје на Христо Узунов.

34.Предлог одлука за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид.

35.Предлог одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Охридски комуналец“ Охрид.

36.Предлог Одлука за измена на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Охрид.

37.Предлог Решение за изменување на решението за формирање Комисија за туризам.

38.Предлог Решение за изменување на решението за формирање Комисија за формирање комисија за месна самоуправа

39.Предлог Решение за изменување на решението за формирање Комисија за формирање комисија за одбележување празници и манифестации и доделување награди и признанија

40.Иницијативи за утврдување привлегирани цени на комунални услуги за корисници на социјална помош.

41.Предлог одлука за донесување Детален урбанистички план за УЗ 1 дел од УБ 1.3. опфат 1 општина Охрид 2007-2012.

42.Предлог одлука за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 12 дел од УБ 12.4 2008-2013.

43.Предлог одлука за утврдување Детален урбанистички план за УЗ 6 Уб 6.2 општина Охрид 2008 -2013.

**За работа на 61 –та седница се предложени 47 точки за дневен ред.Повлечени се 2 одлуки. Извршено е дополнување на дневниот ред со 1 одлука и 3 заклучоци. Усвоени се 37 одлуки, 3 решенија, 3 Заклучоци а Усвоен е и Буџетот на ЕЛС за 2009 год.**

| Седница | Точки на дневен ред | Повлечени точки | дополнет | одлуки | заклучоци | информации | декларација | решение | извештај | програми |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 49 | СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА | | | | | | | | | |
| 50 | 22 | / | 1 | 21 | 1 | | 1 | | | |
| 51 | ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ | | | | | | | | | |
| 52 | 23 | 1 | 4 | 26 | 1 | | | | | |
| 53 | 15 | | 2 | 17 | 1 | 1 | | | | |
| 54 | СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА | | | | | | | | | |
| 55 | 14 | 1 | 3 | 14 | 1 | | | | | |
| 56 | 31 | 3 | | 25 | 2 | 1 | | | | |
| ВОНРЕДНА СЕДНИЦА | 1 | | | | | 1 | 1 | | | |
| 57 | 38 | 2 | | 36 | | | | | | |
| 58 | 13 | 1 | 6 | | | | | | | |
| 59 | 2 | | | 2 | 2 | | | | | |
| 60 | 15 | | 1 | 1 | 1 | | | | | |
| 61 | 47 | 2 | 4 | 38 | 3 | | | 3 | | |
| ВКУПНО | 221 | 10 | 21 | 180 | 12 | 2 | 2 | 3 | | |

**Број 07-145/4-1**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**29.01.2009 год.**

**О х р и д**

**Претседател**

**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2009 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за одбележување на празници и манифестации за 2009 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.01.2009 година.

**Број 08-145/5**
**29.01.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.01.2009 година донесе:

# О Д Л У К А
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2009 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за одбележување на празници и манифестации за 2009 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-145/ 5**
**29.01.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ. бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник“ на општина Охрид бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.01. 2009 год. ја донесе следната :

# П Р О Г Р А М А
## ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2009 год.

**Празници на централно и локално ниво**

| Р. бр. | Празник | Дата | Место | Организатор- | Соорганизатор | Активности на ЛС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Свети Сава-празник на српската заедница | 27.01 | | Српска заедница | локална заедница | Присуство на општинска делегација на програмските активности организирани од српската заедница |
| 2. | Прличеви Беседи | 06.02. | - НУ центар за култура<br>- НУ Градаска библиотека<br>- ОУ Григор Прличев<br>- Спомен куќа на Прличев<br>- Гробот на Прлиев<br>- Спомен обележје на Прличев (пред НУ градаска библиотека и во дворот на ОУ) | -НУ Центар за култура<br>- НУ Градска библиотека<br>- ОУ Григор Прличев | -Локална самоуправа<br>-Завод и музеј-Охрид<br>-ЈП Охридски Комуналец | Ги усогласува активностите на сите институции, изработува покани(дел од нив и ги дистрибуира), набавува свежо цвеќе за спомен обележјата, ипомага цо организација и реализација на севкупната програма. Градоначалникот, претседателот и членовите на Советот присуствуваат на манифестациите, делегација формирана од советот на општината полага све`о цвеќе на спомен обеле`јата на Г. Прличев пред Ну Градска Библиотека и Оу Г. Прличев и гробот на Прличев. Со митрополитот Тимотеј ( МПЦ)се организира Панихида на гробот на Прличев.Во спомен куќата на Прличев се планира некоја активност ( поетско читање, музички рецитал и др).а Завод и музеј кој стопанисува со спомен куќата на Прличев) обезбедува послужување за гостите, се грижи просторот да е затоплен и слично. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Меѓународен ден на Ромите | 8.04 | | Ромска заедница | Локална самоуправа | Присусство на општинска делегација на активностите предвидени од Ромската заедница |
| 4 | 1/ви Мај - празник на трудот | 01.05. | | | | Евентуално преку медиумите да се упати честитка до граѓаните |
| Р. бр | Празник | Дата | Место | Организатор- | Соорганизатор | Активности на ЛС |
| 5 | - Ден на победта над фашизмот<br><br>- Ден на ЕУ ?? | 09.05. | Спомен обележја од НОВ | Сојуз на борци | Локална самоуправа | Полагање свежо цвеќе на спомен обележјата од НОВ во градскиот парк, Паркот на револуцијата и градските гробишта.<br>По повод на ЕУ можно е да се предвидат разни активности на учениците од училиштата или други институции. |
| 6 | Национален ден на Власите | 23.05 | | Влашка етничка заедница | Локална самоуправа | Присуство на општинска делегација на манифестациите организирани од Влашката етничка заедница |
| 7 | Ден на сесловенските просветители | 24.05. | Спомен обележјето на св. Кирил и Методи | Училишта | Локална самоуправа | Делегација на општина Охрид, училиштата, разни институции и претставници на дипломатскиот кор во РМ полагаат свежо цвеќе на спомен обелжјето на св. Кирил и Методи во градскиот парк. Се организираат културно-уметнички и спортски активности во соработка со училиштата и други институции. Градоначлникот доделува признанија и симболични подароци на учениците кои освоиле награди на републички и меѓународни натпревари. |
| 8 | Ден на екологијата | 05.06. | | -Министерство за екологија<br>- Министертво за земјоделие<br>- Еколошки друштва | - Локална самоуправа<br>- ЈП Охридски комуналец | Учениците, еколошките друштва, и др во содејтво со Локалната самоуправа вршат засадување на садниц, чистење на крајбрежието на Охридското Езеро и други јавни површини |
| 9. | Ден на Охридското | 21.06. | 2008г-Домаќин е | Општина Поградец | Општина Охрид | Организира изложби, спортски |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | езеро | | Поградец | | Општина Струга | активности, |
| 10. | Илинден-Ден на Републиката | 02.08. | Спомен обележја од Илинденскиот период | -Локална самоуправа<br>-Спортски друштав | | Локалната самоуправа испраќа делегација во Пелинце/Крушево а на спомен обележјата од илинденскиот период ловирани во подрачјето на Општ. Охрид се полага свежо цвеке.Се организираат спортски и културни манифестации(илинденска регата, мал пливачки маратон, концерти и сл.) |
| 11. | Ден на независноста на РМ | 08.09. | | | Локална самоуправа<br>Спортски друштва | Соорганизација на евентуални активности организирани од Централната власт-атлетски маратон.. |
| 12 | Меѓународен ден на Бошњаците | 28.09 | | Бошњачка заедница | Локална самоуправа | Присуство на општинска делегација на манифестациите организирани од Бошњачката етничка заедница |
| 13 | Ден на народното востание | 11.10. | -Сала на општина Охрид<br>-НУ Центар за култура<br>-Спомен обележја | Сојуз на борци | Локална самоуправа<br>НУ Градска библиотека, НУ Центар за култура,<br>НУ Завод и музеј | Се организира свечена Седница со кратка културно уметни~ка програма и се полага свежо цвеќе на спомен обележјата од НОВ |
| 14 | Ден на ослободување на градот | 07.11. | Сала на Општиона Охрид<br>-НУ Центар за култура<br>-Спомен обележја | Сојуз на борци | Локална самоуправа<br>-ЈП Охридски комуналец<br>-Детска градинка - Јасна Ристеска<br>-МЗ Рамне | -Свечена седница со кратка културно-уметничка програма,<br>- полагање свежо цвеќе на спомен обележјата од НОВ ( градски парк, Паркот на револуција,градски гробишта, МЗ Рамне и др. локации во градот каде има спомен обележја на борците од НОВ |
| 15 | Ден на македонската револуционерна борба | 23.11. | -Спомен обележја од Илинденскиот период | | Локална самоуправа | Обезбедување и полагање свежо цвеќе на спомен обележјата |
| 16 | Ден на албанската азбука | 22.11 | | Албанска заедница | Локална Самоуправа | Присуство на општинска делегација на организираните програмски активности |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | -. Св Климент Патрон на градот | 08.12. | | Локална самоуправа | - ОСУ и ОУ Св. Климент Охридски<br>- НУ Центар за култура НУ Градска библиотека<br>- НУ Завод и Музеј<br>- Детска градинка | Се изработуваат и дистрибуираат покани, се поканувaат делегации од збратимените и пријателските градови, се набавува цвеќе за сите делегации, се организира полагање на цвеќето за сите делегации и други гости од Централната Власт и дипломатскиот кор на споменикот на св. Климент на градскиот плоштад,, а општинска делегација полага свежо цвеќе и на спомен обележјето на св. Климент  во дворот на ОУ Св. Климент Охридски. Градоначалникот  организира прием за гостите, се организира Свечена Академија, коктел и сл. Градоначалникот, претседателот членовите на советот активно учествуваат на сите манифестации.<br>**Оваа година се прославува ЈУБИЛЕЈ**<br>**-100- годишнина од ОСУ Св Климент Охридски и**<br>**- 110-годишнина од ОУ Св. Климент Охридски** |
| 18 | Ден на настава на турски јазик | 21.12 | | Турска етничка заедница | Локална самоуправа | Присуство на општинска делегација на манифестациите предвидени-организирани од Турската етничка заедница |
| 19 | Дочек на Нова Година | 31.12. | Градски плоштад | | | Новогодишно украсување на градот.Музики предновогодишни концерти, детски забави, доделување на новогдишни пакетчиња на деца во болници, градинки, невладини здруженија.<br>Новогодишен хепенинг,огномет |

**Годишнини и манифестации**

| Р. бр | Манифестација | Дата | Место | Организатор | Соорганизатор | Активности на ЛС |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Патронен празник на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ и ОУ „ Св. Наум Охридски“ | 05.01. | | ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ и ОУ „ Св. Наум Охридски“ | Локална самоуправа | |
| 2. | Прослава на Стара Нова Година-Василица | 13.01. | М.Заедници | Месни заедници | Локална самоуправа | Помага во обезбедување на дрва, храна и пијалок |
| 3. | Маскембал | 14.01. | С. Куратица | Месна зедница | Локална самоуправа | Помага во обезбедување на дрва, храна и пијалок |
| 4. | Богојавлјение - Водици | 19.01. | Градско пристаниште | МПЦ орг.Богојавлјение | Локална самоуправа | Дистрибуира дел од поканите, помага во организација и протоколот на манифестацијата и финансиски ја потпомага |
| 5. | Годишнина од смртта на Коста Абраш | 21.01 | спомен плоча на Коста Абраш | -Завод и музеј<br>-Печатница Коста Абраш | Локална самоуправа | Формира делегација која полага свежо цвеќе |
| 6 | Годишнина од смртта на Марко Бошњаков | 27.02 | Спомен плоча-Родната куќа на Бошњаков | Локална самоуправа | | Полагање свежо цвеќе на спомен плочата на Бошњаков |
| 7. | 100 год. од смртта на Кузман Шапкарев | 18.03 | | Локална самоуправа Завод и музеј | | |
| 8. | Патронен празник на ОУ Живко Чинго | 20.03 | | ОУ Живко Чинго | Локална самоуправа | |
| 9. | Светски ден за заштита на водите | 22.03. | | -ЈПА Проаква<br>-Еко друштва | | |
| 10. | Патронен празник на ОМУ Методи Патче | 07.04. | | ОМУ Методи Патче | Локална самоуправа | |
| 11. | Патронен празник на ОУ Христо Узунов | 24.04. | с.Цер | - ОУ Христо Узунов<br>- плоштад | Локална самоуправа | Се организира културно-уметничка програма, се организира превоз за делегации и граѓани до Цер, се набавува и полага свежо цвеќе на спомен обележјето на Узунов во градскиот парк и на гробот на Узунов во Цер |
| 12. | Патронен празник на ОУ Ванчо Николески | 09.05 | | ОУ Ванчо Николески | Локална самоуправа | |
| 13. | Ден на Службата за безбедност | 07.05. - | УВР | УВР Охрид | Локална самоуправа | Градоначалникот организира прием и обезбедува подарок за најдобриот полицаец |
| | | | | | | |
